**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1503-338/4**
**Скопје, 12.07.2007 година**

| | |
|---|---|
| **ДО:** | **МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**<br>**Г-дин Михајло Маневски, Министер** |
| **ОД:** | **ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**<br>**Помошник главен државен ревизор и Овластен државен ревизор** |
| **Предмет:** | **Ревизија на успешност - Проект набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK** |

Ова известување преставува наше мислење по издаден Конечен извештај за извршена ревизија на успешност.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за економичноста, ефикасноста и ефективноста на активностите на проектот Набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK реализиран преку Министерството за правда на РМ.
Овој извештај се однесува на активностите и сосотојбите поврзани со проектот Набавка на опрема EuropaAid/112995/D/S/MK во вредност од 508.183,00 EURO. Проектот се реализирал во периодот декември 2001 – февруари 2003 година.
До Министерот на Министерството за правда на РМ, Државниот завод за ревизија издаде Претходен извештај на Овластениот Државен Ревизор. Согласно законски дадената можност, Министерот на МП на РМ до Државниот завод за ревизија достави потпишана информација во писмена форма каде се дадени намерите и преземените активности како и прилог документација по однос на наодите, препораките и мерките од Претходниот извештај. Државните ревизори ја разгледаа информацијата и приложените документи и заклучија дека истите не претставуваат забелешки по Претходен извештај. Со доставената Информација за намерите и преземените активности, МП на РМ и надлежниот Министер искажаа подготвеност, дадените препораки и мерки по Претходниот извештај да се имплементираат во функција на подобрување на работењето на МП на РМ. Оваа Информација е дадена како интегрален дел на Конечниот извештај во Прилог 5.
Основните наши препораки се однесуваа на преземање активности за креирање на пишани документи во функција на стратешките цели и планираните активности на министерството за реформа на судската администрација и примената на информатичката технологија за потребите на правосудството, нагласувајќи ја потребата од зајакнување на координацијата помеѓу министерството и правосудните органи во РМ во насока на реално утврдување на потребите и можностите за подобрување на фунционирањето на целиот правосуден систем во РМ, преземање активности со цел подобрување и унапредување на постојниот систем на архивирање и чување на проектната документација во насока на формирање посебна архива за потребите на одделните проекти и систем за верификација на проектни документи од страна

на авторизирани лица за одделните проекти при тоа констатирајќи дека ваков систем е од големо значење за обезбедување на релевантна и целосна поткрепувачка документација со цел на планирање и контролирање на идни проектни активности, Министерот во координација со надлежните лица во МП на РМ да преземат активности со цел точно утврдување на реалната состојба со количината на примена и инсталирана опрема од проектот и нејзино вредносно евидентирање кај МП на РМ, а поради реално и точно прикажување на државниот имот.

Со прифаќање и искажување на намери за преземање на активности од страна на Министерството за правда на РМ по Претходниот извештај на Овластениот Државен Ревизор во дадената информација и доставената поткрепувачка документација, веруваме дека Министерството за правда на РМ има позитивен пристап кон дадените наоди и преземање на активности за нивно отстранување. Искажаната намера и преземените активности по препораките од Претходниот извештај не ги менуваат наодите и изнесените констатации во Конечниот извештај, но секако веруваме дека позитивно ќе влијаат врз понатамошната пракса на делување во МП на РМ со ваков или друг вид на проекти.

Спроведената ревизија ни даде основа да го изразиме следното мислење:

Проектот набавка на опрема - EuropaAid/112995/D/S/MK ја исполнил основната цел опишана во проектната задача и обезбедил зголемен компјутерски капацитет на органите на судскиот систем на Република Македонија. Набавената компјутерска опрема во целост ги задоволува бараните технички карактеристики согласно одредбите од проектната задача.
Утврдивме дека кај МП на РМ нема пишан документ за оценка на усогласноста на целите на проектот со целите на проектот Реформа на јавната администрација - Судска администрација и проектната документација. Утврдивме дека проектната документација не е хронолошки подредена и целосна во евиденцијата на МП на РМ. Персоналните компјутери како дел од набавената опремата во МП на РМ и Врховен суд на РМ се ставени надвор од употреба, а кај другите корисници вкупната опрема е во употреба. Во МП на РМ нема воспоставено вредносна и материјална евиденција на опремата добиена од проектот. Настанатите состојби се резултат на слабости/недостаток на пишани процедури кај МП на РМ во услови на реализација на проекти. Во тек на ревизијата МП на РМ искажа подготвеност за преземање на активности поврзани со комплетирање и архивирање на целокупната проектна документација, за воспоставување на пишани процедури со кои ќе се регулира текот и примопредавањето на проектната документација во случаи на промена на проект менаџер, формирање комисии за попис на средствата и обврските во МП на РМ и за внатрешна евиденција за користење на движни и недвижни ствари, за проверка на сметководствената евиденција за проекти кои се поврзани со МП на РМ и сметководствено воведување на набавената опрема по проекти, како и креирање и оформување на соодветна документација за сервисирање и предавање на набавената опрема со овој проект на користење на подрачните оделенија на МП на РМ.

**Скопје, 09.07.2007 година** **Помошник главен државен ревизор**

**Овластен државен ревизор**